UDK: 070(497.731)"1945/1990"

# ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ ВО ОПШТИНА ШТИП И БРЕГАЛНИЧКИОТ РЕГИОН ВО ПЕРИОДОТ НА СОЦИЈАЛИЗМОТ (1945-1990)

**Andon MAJHOSEV**
Full professor, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip
andon.majhosev@ugd.edu.mk

**Апстракт:**
Развојот на печатените медиуми во Штип и Брегалничкиот регион[1] можеме да го поделиме во три периоди. *Првиот период* е периодот на НОБ од 1941-1945 година. *Вториот* е периодот на социјализмот 1945-1990 година и *третиот* е периодот на самостојна и независна Република Македонија (1991-2025)
*Вториот период* (1945-1990) е тесно поврзан со развојот на социјализмот како облик на политички систем. Развојниот пат на социјализмот во Македонија се одвивал во две фази. Првата развојна фаза е *административниот социјализам* (1945-1950), а втората е самоуправниот социјализам (1950-1990).
Социјализмот како облик на политичка организација во државата имал огромна потреба од информирање на граѓаните за развојот на социјалистичките односи и пропагирање на социјалистичката идеологија, демократија и нејзините основни вредности. Новата социјалистичка власт имала огромна потреба од поддршка во процесот на нејзиното стабилизирање и зацврстување. Власта поддршката на своите политики ја обезбедуваше преку медиумите, кои во тој период имаа трансмисиона улога за пренесување на информациите на партиските и државните органи.

***Клучни зборови**: информирање, граѓани, печатени медиуми, социјализам*

[1] Во периодот 1945-1990 година во Штипската област, односно Брегалничкиот регион административно припаѓале следните општини: Штип, Кочани, Пробиштип, Виница, Берово, Делчево и Пехчево.

# PRINT MEDIA IN THE MUNICIPALITY OF STIP AND THE BREGALNICA REGION IN THE PERIOD OF SOCIALISM (1945-1990)

**Andon MAJHOSEV**
Full professor, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip
andon.majhosev@ugd.edu.mk

**Abstract:**
The development of the print media in Štip and Bregalnica region can be divided into three periods. The first period is the period of the National Liberation War from 1941-1945. The second is the period of socialism from 1945-1990 and the third is the period of the independent and sovereign Republic of Macedonia (1991-2025)
The second period (1945-1990) is closely related to the development of socialism as a form of political system. The development path of socialism in Macedonia took place in two phases. The first development phase is administrative socialism (1945-1950), and the second is self-governing socialism (1950-1989).
Socialism as a form of political organization in the state had a great need to inform citizens about the development of socialist relations and propagate the socialist ideology, democracy and its basic values. The new socialist government had a great need for support in the process of its stabilization and strengthening. The government provided support for its policies through the media, which at that time had a transmission role for transmitting information to party and state bodies.

***Keywords**: information, citizens, print media, socialism.*

## Методологија на истражувањето

Овој труд претставува истражувачка сторија/приказна за појавата, развојот и временското опстојување на општинските печатени медиуми во Штип во периодот на социјализмот 1945-1990 година

Во истражувањето тргнавме од претпоставката дека Штип има развиен систем на информирање во кој опстојувале повеќе општински и регионални печатени медиуми.

Основна цел на нашето истражување е да дојдеме до конкретни податоци за појавата, развојот, предизвиците и временското опстојување на општинските печатени медиуми, во Штип и Брегалничкиот регион во периодот на социјализмот (1945-1990) година, како и за концептот на медиумот, уредувањето, информативните содржини, техничкото уредување, кадровската екипираност и др.

**Методи и техники на истражување**. Во нашето истражување применивме повеќе истражувачки методи и техники кои соодвестуваат на предметот на истражување. Ги применивме историскиот метод, анализа на содржина на повеќе документи (весници, книги, текстови и др.), како и истражувачката техника интервју. Беа интервјуирани уредници, новинари, соработници на медиумите, членови на издавачки совети, технички уредници и сл. од сите медиуми на прашања поврзани со нашиот предмет на истражување. Вкупно беа интервјуирани 40 уредници, новинари, медиумски работници. Резултатите од истражувањето се претставени текстуално во рамките на текстот.

## Вовед

Градот Штип е најважен административен, политички, стопански, образовен, здравствен и културен центар во источниот дел на Република Македонија. Во него пулсираат важни економски, општествено-политички, образовни, културни и спортски настани.

Општественото значење на градот, како и настаните што се случуваат во него, имаше потреба од основање на медиуми за информирање на граѓаните за сите настани во општината. За таа цел, во Штип беа основани неколку печатени медиуми, кои во овој труд на соодветно место ќе ги претставиме пошироко.

Првите појавни облици (никулци) на информирање во Штип се информативните билтени и гласила (весници) кои се појавиле за време на НОБ и антифашистичката борба на македонскиот народ. Во овој период излегувале две информативни гласила: Искра и Народен глас. Двете гласила имале революционерна, слободарска и антифашистичка содржина. Весниците одиграле исклучително важна улога во мобилизација на македонскиот народ за борба против фашистичкиот окупатор.

По ослободувањето на Штип во ноември 1944 година, меѓу првите гласила кои биле возобновени и основани се весниците "Народен глас" и "Брегалнички глас".

Во меѓувреме на медиумската сцена сукцесивно се појавуваат шест фабрички гласила: Македонка (1958), Астибо (1973), Црвена Ѕвезда (1975), Информатор (1975), Исток-транс (1975), Макпромет (1979) и Здравје (1979). Овие весници, пишувајќи ја сопствената историја, всушност ја дополнуваа историјата на градот во овој период.

Во 1976 година е основан општинскиот весник "Солидарност", кој, во 1982 година го менува името во "Штипски весник".

Како регионален центар, Штип важи за град со развиен систем на информирање. Во периодот 1945-1990 во Штип излегувале повеќе печатени медиуми (весници) од општинско и регионално значење. Сите, беа своевидни чувари на институционалната и колективната меморија на општествено-политичките случувања во градот.

## 1. Печатените медиуми во Штип за време на окупацијата и Втората светска војна

За време на Втората светска војна, кога територијата на Македонија беше под воена окупација, се појавија две информативни гласила: **Искра** и **Народен глас**. Двете гласила имаа революционарен, антифашистички, мобилизаторски и народно-ослободителен карактер. Обележјата на наведените гласила упатуваат на тоа дека не станува збор за класичен печатен медиум, туку за негова имитација. По својата содржина, форма и лик повеќе потсетуваат на информативен билтен отколку весник.

Во продолжение ги претставуваме обележјата на печатените медиуми.

### 1.1 Искра

Весникот "Искра" припаѓа во групата гласила кој излегувал за време на Втората светска војна како дел од прогресивното младинско движење на градот Штип. Иницијатор и основач на весникот Искра бил познатиот идеолог и револуционер, штипјанецот Димче Беловски. Тој почуствувал потреба да се зафати со издавање весник, бидејќи стекнатото искуство во издавањето на училишниот зиден весник заедно со Ванчо Прке сакал весникот да стане важен чинител во борбата против фашизмот и мобилизацијата на младината против окупацијата.

Првиот број на весникот Искра бил издаден кон крајот на 1941 година. Според зборовите на уредникот на весникот, Димче Беловски, *весникот требаше да биде значаен инструмент во мобилизацијата и активноста на прогресивната младина* (Беловски, Д., 2000, стр. 75), бидејќи, *младината не ја прифаќаше окупацијата, изразуваше отпор кон фашистичките организации, кон бугарскиот јазик, училиштето, наставата и сл.* (Беловски, Д., стр. 75).

Весникот имаше формат на денешна Нова Македонија (60 со 42, на четири страници со вертикални колони и весникот се изработуваше со рачно печатени букви). Весникот го издавал Димче Беловски, а Ацо Шопов бил единствен соработник кој бил ангажиран да му помага во издавањето на весникот.

Весникот Искра излегол во 5-6 броја и според неговата содржина немал белези на стандардно информативно гласило.

### 1.2 Народен глас

Народен глас е атипично информативно гласило кое излегувало во услови на војна и окупација на територијата на Македонија. Поради тоа весникот имал револуционерен, слободарски и антифашистички карактер. Весникот бил орган на Обласниот комитет на КПМ за IV-та Оперативна зона. Првиот број е објавен на Први Мај 1943 година. Излегувањето на весникот на Меѓународниот ден на трудот има симболика, бидејќи весникот, освен воена имал и социјална мисија за градење на општество на социјална правда, еднаквост и солидарност.

Весникот излегувал само четири месеци, но одиграл огромна улога во мобилизација на борците за борба против фашистичкиот окупатор (Извор: Штипски Весник, бр. 200, 1-ви мај, 1988 г.).

Како настанало гласилото?

Веднаш по окупирањето на територијата на Македонија од страна на фашистичките окупатори, во месец април 1941 година група млади комунисти ја спровеле задачата на Партијата за собирање на преси, хартија, машини и др. материјали потребни за работење на илегална партиска печатница во Штип. Поради недостиг на квалитетна весникарска хартија весникот се печател на т.н. "алвациска" хартија. Целокупната техника и хартија биле сместени во куќата на Фируз Демир.

Првично се печателе летоци, македонски народни песни, прогласи, а по започнување на војната меѓу СССР и Германија биле печатени и вести за состојбата на фронтот. По завршување на војната, весникот Народен глас е возобновен.

За време на окупацијата, во Штип престојувале илегалците Благој Јанков-Мучето, Ванчо Прке, Славчо Стојменски, Мара Минанова и Герас Цунев. Во уредувањето и подготовката на весникот заслужни се Фируз Демир и Димче Беловски. Весникот бил умножуван преку индиго. Во тогашните броеви на Народен глас биле објавени материјали за страдањето на Евреите, повеќе статии и хумор (Киров, Б., 1969, стр. 1).

Првиот број на Народен глас бил уреден од Ванчо Прке-Сермен, а му помагале Славчо Стојменски и Трајко Орушев. Поради загинувањето на Ванчо Прке уредувањето го презел Љупчо Арсов. Првите текстови во Народен глас ги напишале Ванчо Прке, Славчо Стојменски, Благој Мучето, Исак Сион.

Првиот број има своја насловна страница на која во горниот дел е напишано Народен глас, потоа во средниот дел лево стои слика на зградата во кое било сместено Комисарството со натпис Комисарство.




**Сл. 1. Насловна страна на весниците Народен глас и Брегалнички глас**

Првиот број ги содржи текстовите со следните наслови: “Од редакцијата”, “Тероро и пљачката на Јеврејте”, “Без врска”, “Паднал со херојска смрт за слободна Македонија”.

Вториот број на Народен глас го исполнуваат содржини кои се однесуваат на теророт што го спроведува фашистичкиот окупатор.

Иако, Народен глас престанал да излегува кон крајот на август 1943, тој одиграл многу значајна улога во мобилизација на народните маси за борба против фашистичкиот окупатор. По ослободувањето весникот Народен глас е возобновен, но со нов концепт и содржина што е одраз на новото социјалистичко општество

### 1.3 Брегалнички глас

Во 1944 година се појавил весникот **“Брегалнички глас”** како информативен и просветен лист. Весникот бил Орган на Обласниот одбор на МОФ на Македонија. Весникот имаше за цел да ги информира работните луѓе во општините од источна Македонија. Весникот имаше регионален карактер, бидејќи третираше актуелни теми од секоја општина на регионот. Името на весникот произлезе од името на регионот кој се протега по течението на реката Брегалница (од Штип до Берово). Главен и одговорен уредник на весникот бил Камче Митев, кој подоцна бил избран за директор на Радио Штип. Весникот обработувал теми од сите области на општественото живеење во Брегалничкиот регион. За жал, и покрај нашето истражување не успеавме да пронајдеме еден број на Брегалнички глас да го прикажеме на јавноста.

## 2. Печатените медиуми во Штип во периодот на социјализмот (1945-1990)

Во првата деценија од развојот на социјализмот 1945-1955 година, во Штип излегуваше весникот “Народен глас”. Весникот е возобновен во 1959 година и 1969 година по што набрзо згаснуваше.

Подоцна се појави весникот: Солидарност, кој, во 1982 година го промени името во Штипски весник.

Штипски весник продолжи да излегува и во периодот на транзицијата се до 2003 година по што престана да излегува. Овие весници оставија голем печат на општинското и македонското новинарство. Во нив продефилираа голем број уредници и новинари кои со своите новинарски прилози ја пишуваа современата историја на градот.

Во продлжение од текстот ќе се осврнеме на појавата, развојот и опстојувањето на весниците "Народен глас", "Солидарност", односно "Штипски весник" до неговото згаснување во 2003 година.

**2.1 Народен глас**

Весникот "Народен глас" повторно започна да излегува во септември 1945 година еднаш неделно на четири страници и се продаваше по цена од еден динар. Над името на Весникот од првата (насловната) страна стои паролата *''Смрт на фашизмот-слобода на народот''.*

Весникот имаше нагласена идеолошка определба и беше глас на новото време, работничката класа, социјалистичките вредности, мирот, слободата и еднаквоста. Весникот всушност е продолжение на Народен глас кој излегувал за време на окупацијата на Македонија во 1943.

Весникот е од регионален карактер и содржи информации од сите градови на Источна Македонија. Весникот е орган на Народниот фронт на Штипскиот округ, а издавач на истиот е Градскиот и Околискиот Народен фронт-Штип. Во Националната установа библиотека Гоце Делчев-Штип пронајдовме вкупно 165 броја кои излегувале во периодот септември 1945-ноември 1955 година.



СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

Народен глас

НЕДЕЛЕН ЛИСТ НА НАРОДНИОТ ФРОНТ-ШТИПСКИ ОКРУГ

Зашто оште не е готов патот Киселица — Злетово

— ПОЧЕТАКОТ НА ПРЕДИЗБОРНАТА КАМПАЊА — ОД ОДРЖАНИТЕ КОНФЕРЕНЦИИ СЕ ВИДИ ДЕКА ШТИПЈАНИ ЌЕ ГО ДАДАТ СВОЈОТ ГЛАС ЗА ЛИСТАТА НА Н. Ф.

КОЈ МОЖЕШЕ ДА СТОИ ЗАД МИЛАН ГРОЛ

„Народен глас" прима новчани прилози за изборниот фонд на Народниот фронт на Југославија

**Сл. 2-Народен глас**

Весникот претежно третираше теми кои се однесуваат на напорите на новата социјалистичка власт за санирање на последиците од војната и обнова на градот Штип. Во Весникот сретнавме информации кои се однесуваат на борба против бирократијата, неписменоста и народниот непријател, обнова и изградба на фабрики, снабдување на граѓаните со потребните намирници, концептот на новиот економски систем, дискусија за новиот устав на ФНРЈ и НР Македонија, поправка на патишта, социјалната помош, текстови за СССР и др.

Весникот нема Импресум и поради тоа немаме сознанија кои лица ја сочинувале редакцијата. На објавените текстови се потпишани повеќе имиња, од кои најчесто се среќаваат следните имиња: Д. Трајановски, Митев Камче, Б. Арсов, Мане Хаџи-Пецов, Љ. Мировски, Р. Апостолски, Љупчо Зрлевски, Р. Генадиев, М. Зафировски, Ангел Костадинов, Мијалче Кавраков, Иван Сергиев, З. М. Аговски, Тодор Сенев, М. Митевски, З. Казанџиски, Васил Недков, Наке Грoздановски, Васил Бочварски, В. Барбареов, В. Трендафилов, Енвер Афузов, Николинка Кулакова, Олга Манасиева, Р. Чадиковски, Е. Ајтарски, Митко Ушинов, М. Тасков, Киро Димитров, Б. Ивановски, Б. Ангеловски, како и текстови потпишани со следните иницијали: С.М., В.А., В.Д., Д.А., К.И., С.Т. и др.

Одговорни уредници на Весникот во периодот 1945-1955 година биле: Ацо Ристовски, Ангел Костадинов, Камче Митев, Љупчо Зрлевски и Коце Балабанов.

На 16. ноември 1955 година весникот Народен глас престана да излегува поради ликвидација, а читателите беа известени со соопштение од Редакцијата на весникот.



ГИ ОБАВЕСТУВАМЕ ПОЧИТУВАНИТЕ ЧИТАТЕЛИ, ДЕКА ВО ИДНИНА НЕМА ДА ИЗЛЕГУВА „НАРОДЕН ГЛАС“

ОД РЕДАКЦИЈАТА НА „НАРОДЕН ГЛАС“



Се умолуват сите должници на „Народен глас“ да ги измират своите долгови кон Редакцијата, бидејќи истата се наоѓа во ликвидација.

**Сл. 3. Известување за престанок на излегување на весникот Народен глас во 1955**

Во 1959 година весникот излезе само како јубилејен број.

Десет години подоцна, во 1969 година весникот Народен глас е возобновен и беа издадени неколку броја. Весникот е Орган на Општинската конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Штип. Главен и одговорен уредник на весникот е Борис Киров, а технички уредник Драги Биков. Весникот излегува на шест страници двапати во месецот по цена од 50 пари (половина југословенски динар). Текстовите ги пишувале Борис Киров, Љ. Груевски, Љупчо Балванлиев, Спиро Прилепчански и Иван Бојаџиски.

**2.2 Солидарност (1976-1981)**

Со индустријализацијата на Штип и континуираниот порастот на бројот на жители, од една страна, и создавањето на уставни и законски претпоставки за развој на работничкото самоуправување, од друга страна, имаше потреба од основање на општинско информативно гласило кое ќе излегува редовно.

Во 1976 година општествено-политичките структури на Општина Штип покренаа иницијатива за основање на општинско информативно гласило/весник како орган на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Штип (ССРНМ-Штип). Правниот основ на иницијативата произлегува од одредбата на Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1974 и Законот за здружен труд од 1976, според кои *работниците имаат право на информирање заради остварување на своите самоуправни права.* Оваа уставна одредба недвосмислено упатува на тоа дека информирањето во општините и здружениот труд е важен фактор за развој на самоуправувањето и социјалистичката демократија во работните колективи.

*Во рамките на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на општина Штип се формира работна група во која влегоа претставници од сите општествено-политички организации со задача да подготви работен материјал (Елаборат) за основање на општинско информативно гласило. По повеќемесечна дебата во органите на тогашните социјалистички сили произлезе предлог весникот да излегува со назив “Солидарност”*, изјави Панче Докузов.

Весникот е орган на Општинската конференција на социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Штип. Претседателството на ОК на ССРНМ-Штип за прв Главен и одговорен уредник го именува новинарот Ванчо Ристов, дописник на Радио Скопје од Штип.



1976.

СРЕЌЕН 32 РОДЕНДЕН ГРАДЕ

200 солидарни станови
за овој јубилеј
Страна 2

СОЛИДАРНОСТ

ОРГАН НА ОПШТИНСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ССРНМ - ШТИП

ЦЕЛ ЖИВОТ РЕВОЛУЦИЈА

Револуционерот Михајло Апостолски за родниот град

РАСТЕЖ

Михаил Данев за јубилејот и иднината

ИНФОРМИРАЊЕ

Сл. 4-Насловна страна на весникот Солидарност

На десет годишнината од излегувањето на весникот Солидарност, односно Штипски весник, првиот главен уредник на Солидарност, Ванчо Ристов, истакна дека весникот “Солидарност”, односно “Штипски весник” е чедо на Активот на новинари од Штип.

Според него, “Штипски весник”, е гласило на работните луѓе и граѓани на Општина Штип во кои ќе ги изразуваат своите трајни револуционерни определби и со кое ќе се покренуваат суштествени прашања од севкупното живеење во Општината *(Штипски Весник бр. 170/171, 8-ми ноември 1986, стр. 24).*

Во однос на концепцијата, весникот беше замислен да биде со критички и коментаторски обележја. Во него беа застапени хуморот и сатирата, од што во 1978 година се роди хумористично-сатиричниот подлисток “ГЛОГ”, кој беше многу популарен и посакуван од читателите.  По сатиричниот весник Остен, овој прилог беше прв во Републиката.



**Сл. 5 Подлисток Глог на весникот Солидарност**

Првиот број на весникот “Солидарност” излезе на “8-ми Ноември” 1976 година со тираж од 5.000 примероци, а се продаваше по цена од 5 динари. Планирано е Весникот да излегува еднаш месечно, но кога за тоа ќе се создадат материјано-финансиски и кадровски претпоставки, тој, да излегува двапати во месецот.

До 1981 година Весникот работеше без постојана редакција, т.е. само со главен и одговорен уредник и надворешни соработници. Списокот на соработници е прилично долг: Спиро Прилепчански, Нада Накова, Иван Бојаџиски, Благој Самоников, Методи Андонов, Стојан Хаџи-Јанев, Венко Прилепчански, Ѓорѓи Боризовски, Блаже Китанов, Тимко Чабуковски, Ванчо Ристов, Кирил Манев, Борче Поп-Стојменов, Ристе Љуботенски, Димитар Паунов, Тодор Јовановски, Трајко Босеовски, Никола Глигоров, Александра Наџакова, Ристе Петковски, Симо Кожухаров, д-р Тодор Влахчев, Симеон Гаврилов, Коце Митрев, Никола Царев, Марија Делова-Дургутова, Ангел Димитров, Асен Дојчинов, Слободан Наков и др.

Во 1981 година, по инцијатива на професорот Ангел Костадинов, редакцијата на Солидарност започна да се професионализира. На 01.03.1981 година во редакцијата беа вработени Нада Накова (новинарка) и Ангел Димитров (фотограф). Првата професионална редакција на Солидарност ја сочинуваа: Ристо Пејов (главен и одговорен уредник), Нада Накова (новинар) и Ангел Димитров (фоторепортер).

Подоцна во редакцијата се вработија Стојче Атанасов (новинар), Симеон Марјанов (новинар) и Љупчо Шатевски (дипломиран новинар).

**Уредници**. Со менување на уредниците се менуваше ликот и концептот на весникот. По Ванчо Ристов, од почетокот на 1978 година, на местото главен и одговорен уредник на

“Солидарност” доаѓа Венко Прилепчански. Во март 1980 година за главен и одговорен уредник е назначен Ристо Пејов.

### 2.3 Штипски весник (1982-2003)

Од 1. јануари 1982 година, весникот “Солидарност” почна да излегува со ново име - “Штипски весник”. Општинското гласило “Штипски весник”, всушност е континуитет на весникот Солидарност. Одлука за преименување на весникот ја донесе основачот т.е. ОК на ССРНМ-Штип. Под името “Солидарност” беа објавени вкупно 65 броја, а од 66-от број весникот излегува со новото име Штипски весник. Причина за промена на името од “Солидарност” во “Штипски весник” била негативната асоцијација на полскиот синдикат со идентично име, кој во почетокот од 80те години од XX век имаше нагласена антисоцијалистичка платформа на делување, ни изјави еден од уредниците, Љ. Шатевски).

Функцијата главен и одговорен уредник на весникот продолжи да ја извршува Ристо Пејов. Тиражот на весникот беше 6.000 примероци, а еден примерок се продаваше по цена од 15 динари.

Во 1983 година, заради објективно и непристрасно информирање, Штипски весник го доби највисокото општинско признание наградата “8-ми ноември”.

Во 1985 година, како резултат на одредени околности, за вршител на должност главен и одговорен уредник на весникот за период од осум месеци е назначен новинарот Иван Бојаџиски. Под негово уредништво, беа воведени нови рубрики: Наш коментар, Сигнали, Еден човек една професија и др.




**Сл. 6-Насловна страна на Штипски весник**

Во 1987 година за в.д. главен и одговорен уредник е назначен новинарот Љупчо Шатевски,[2] кој, во 1990 година беше избран за главен и одговорен уредник. Љупчо Шатевски се јавува како главен и одговорен уредник и од септември 1999 до септември 2001 година, по што го заменува Ангел Димитров.

Во 1989 година Штипски весник излегуваше во тираж од 6.000 броја, што е највисок тираж на овој весник во неговото постоење.

**Редакцијата** ја сочинуваа: Љупчо Шатевски, главен и одговорен уредник, Симеон Марјанов, Стојче Атанасов, Ангел Димитров (фотограф/новинар), Никола Царев и Методи Андонов-технички уредник и илустратор

Во 1991 година за в.д. главен и одговорен уредник е назначен Никола Царев, а во 1993 година за в.д. главен и одговорен е назначен Стојче Атанасов. Во 1995 година Весникот е приватизиран од страна на вработените. За директор и главен и одговорен уредник на Весникот е назначен Стојче Атанасов, кој, на оваа должност останува до 1999 година. Потоа за главен и одговорен уредник повторно е назначен Љупчо Шатевски кој оваа должност ја извршуваше од септември 1999 до септември 2001 година, по што, тој го напушта весникот и го основа весникот БИС. По напуштањето на Весникот од страна на уредникот Шатевски, за главен и одговорен уредник е назначен Ангел Димитров кој на оваа должност останува до крајот на 2003 година кога весникот официјално престана да излегува.

Според нашите истражувања, Весникот излезе во 400 броја, што претставува голема бројка и тешко дека некој печатен медиум во Штип и пошироко ќе ја достигна оваа бројка во блиска иднина.

*“Штипски весник беше гласило кое ги регистрираше настаните во градот. Тој беше чувар на колективната меморија на градот. Во него хронолошки беа регистрирани економските, политичките и културните настани во градот. Весникот се роди во социјалистичкиот период, а згасна за време на т.н. транзиција. Понекогаш како редакција бевме на удар од општинското раководство поради нашиот критички однос кон состојбите во градот. Како уредник на весникот мислам дека Штипски весник одигра важна улога во зачувување на историја на градот”*- истакна еден од уредниците на весникот, Атанасов Стојче.

**Издавачки совет**: Прв претседател на Издавачкиот совет на весникот Солидарност (Штипски весник) беше Томе Парчеклиев (1976-1978). Втор претседател на Советот е Благој Самоников (1979-1981), а трет претседател бил Панче Папаров (1981-1982). Во периодот 1983-1985 година функцијата претседател на Советот ја извршувал економскиот аналитичар, Стојче Самарџиев. Во периодот 1986-1987 претседател на Советот била политикологот, Ленче Барзова, а во периодот 1987-1990 година функцијата претседател на Издавачкиот совет ја извршува дипомираниот правник Златко Сарев.

Со падот на Берлинскиот зид во октомври 1989 година се наговестија радикални промени на глобално ниво. Започна долга и исцрпувачка транзиција во економската и политичката сфера. Промените ја зафатија и Република Македонија. Во 1990 година се воведе политички плурализам кој донесе радикални промени во системот на информирање. Постепено плурализмот навлезе и во медиумскиот простор. Започна процес на основање на нови весници, радија и телевизии на национално, регионално и локално ниво. Со тоа започна ерата на медимскиот плурализам во државата.

Новата општествено-политичка и економска реалност драстично го промени концептот на уредувачката политика на весникот. Издавачкиот совет на весникот донесе Заклучок за трансформација на Штипски весник во независно надпартиско општинско гласило и за пренесување на основачките права од ОК на ССРНМ-Штип врз Собранието на Општина Штип. За таа цел, на ден 08.06.1990 година ОК на ССРНМ-Штип формира петчлена комисија со задача да изврши пренесување на основачките права на Штипски весник и Радио Штип врз Собранието на општина Штип.

[2] Штипски весник, 15 април 1987, бр. 179/180

Откако беа пренесени основачките парава врз Собранието на општина Штип, весникот започна да третира теми од активностите на новоформираните политички партии, за лошата економска состојба на претпријатијата и штрајковите.

Штипски весник престана да излегува во декември 2003 година, заклучно со број 400.

**2.4 Подлистоци/додатоци на Солидарност и Штипски весник**

Две години по излегување на првиот број на весникот Солидарност, поточно во 1978 година, започна да излегува хумористично-сатиричен подлистокот со назив ***"ГЛОГ"***, кој преку хумор, сатира, афоризми и алкатури се коментираа и критикуваа актуелните општествено-политички состојби во Општината. Во овој подлисток претежно беа застапени новинарските жанрови козерија, афоризам и алкатури. Основното мото под кој излегуваше подлистокот е *"У вас е и камено у вас е орао"*. Според еден од соработниците на подлистикот, *името на подлистокот произлегува од неговиот синоним-остар трн, кој при боцнување создава болка и ги глоѓа локалните политичари да не седат мирни на своите фотељи* (Симеон Кожухаров).

Весникот Солидарност во 1981 година го промени името во Штипски весник и вработи двајца професионални новинари и еден фоторепортер-новинар и постепено започна да создава професионална редакција. До 1990 година редакцијата порасна на шест професионални новинари и еден фоторепортер-новинар. Подоцна во рамките на Штипски весник излегуваа и други подлистоци кои во продолжение во кратки црти ќе ги претставиме.

*"Во јуни 1990 година, е објавен првиот број на подлистокот **"Штипска десетка"** наменет за младите во Штип. Подлистокот го уредуваше Зоран Читкушев, а членови на редакцијата беа: Славица Соколова, Слободан Величковски, Славко Санев и Горан Јовановиќ. Техничкото обликување на подлистокот го изработуваше Методи Андонов. Подлистокот излезе во четири броја на осум страници во А4 формат. Во првиот број на подлистокот во текстот насловен "Кон првиот број" наведовме дека редакцијата има голема амбиција истиот да прерасне во општинско информативно гласило за младите преку кој ќе се артикулира еден нов сензибилитет, односно, на неговите страници ќе се промовираат идеи кои ќе придонесат за квалитено решавање на определини општествени прашања. Излегувањето на подлистокот беше потпомогнато од неколку претпријатија и малостопанственици од Штип"*, изјави Зоран Читкушев, уредник на подлистокот.

Почнувајќи од 24.03.1994 година, во рамките на Штипски весник, започна да излегува и посебниот прилог ***"Здравје"***. Подлистокот излегуваше на 2-4 страници, а го уредуваше Елена Јосимовска, новинарка на ЈЗО Медицински центар-Штип. Овој прилог излегуваше се до крајот на 2003 година кога престана да излегува Штипски весник. Во подлисток беа третирани актуелни теми од областа на медицината, фармацијата и медицинското право. Текстовите ги пишуваа доктори, фармацевти, психолози, правници и медицински сестри и др.

Од 27-ми март 2002 година, во рамките на Штипски весник започна да излегува подлисток на Локалната самоуправа. Информативните прилози ги уредуваше новинарот Ѓорѓи Боризовски вработен во општина Штип, како Советник за информирање. До декември 2002 година излегоа вкупно 12 информативни прилози на ***"Локалната самоуправа"*** во Штип.

*"Подлистокот Локална самоуправа излегуваше скоро една година и за тој период издадовме 12 информативни прилози. Концептот на подлистокот беше таков да во него се објавуваат најважните одлуки на Советот на општината Штип, а беа регистрирани и најважните настани, посети на носители на функции во Републиката и меѓународни делегации. Оваа форма на информирање се покажа како добар начин на информирање на граѓаните за случувањата во градот, но, за жал по само една година подлистокот престана да излегува"*, изјави Боризовски.

Иако поминаа 22 години од згаснување на весникот, сепак, штипјани го паметат овој весник и со пиетет и носталгија зборуваат за неговите историски вредности. Во продолжение од текстот дел од уредниците на весникот во нивното интерву со достоинство и носталгија истакнаа дека:

*“Штипски весник е бренд на градот!”, “Весник кој ја пишуваше историјата на Штип”, “Сведок и хроничар на настаните во Штип”, “Столб на новинарството во Штип”, “Новинарска школа на младите”, “Весник за кој се “каравме” кој прв да го прочите во семејството”, “Штипски весник беше бележник на најважните политички настани во градот”, “Преку Глог ги глоѓавме штипските политичари” и др.*

Ова се само дел од епитетите кои беа искажани од голем број уредници, новинари и членови на издавачкиот совет за Штипски весник, кои со носталгија се навраќаат на времето кога излегуваше Весникот (дел од изјавите на Љупчо Шатевски, Стојче Атанасов, Иван Бојаџиски, Ангел Димитров, Злате Сарев, Панче Докузов, Симеон Кожухаров.....).

**Заклучоци**

Од историски аспект во Штип, во периодот 1945-1990 година, биле основани и функционирале неколку општински печатени медиуми. Во нив новинарите ја пишуваа, раскажуваа и коментираа современата историја на градот. Штипските новинари преку своите текстови и прилози создадоа колективна меморија за општествените и политичките случувања во градот за периодот додека излегувале низ призмата на социјалистичката идеологија и вредности.

Весниците Народен глас и Брегалнички глас имаа само главен и одговорен уредник, додека нема професионално вработени новинари. Содржините ги креираа партиски и синдикални активисти, кои пишуваа текстови за обнова на земјата и разрушените фабрики во Штип и регионот, како и изградба на нови фабрики, училишта, детски градинки и др.

Весниците Народен глас, Брегалнички глас, Солидарност, односно Штипски весник првично работеа без сопствена редакција, односно имаше само главен и одговорен уредник, но, со големм број соработници-новинари дописници од други редакции.

Во периодот 1945-1955 година во Штип и регионот излегуваа два регионални весници: Народен глас и Брегалнички весник. Народен глас во своето десетгодишно излегување (1945-1955) вкупно беше објавен во 145 броја.

Првиот посериозен бран на појава на медиуми во Штип се фабричките весници кои се фокусираат на информирање на вработените од нивните работни колективи (претпријатија) и спаѓаат во категоријата фабрички медиуми. Во периодот 1958-1994 година во Штип редовно излегуваа шест фабрички весници и исто толку новинарски редакции. Редакциите на овие весници беа своевидна новинарска школа за помладите новинари. Најдолго опстои весникот “Македонка” кој за 32 години излезе во 289 броја, весникот Астибо во своето 22 годишно опстојување излезе во 241 броја итн..

Од општинските печатени медиуми на медиумската сцена најдолго опстојуваше “Штипски весник” (заедно со Солидарност), кој во своето 27 годишно постоеење излезе во 400 броја, во кои на страниците беа регистрирани најважни општествено-политички настани и случувања во градот. Поради тоа, овој весник се смета за чувар на историјата на градот. Истовремено, весникот беше и своевидна новинарска школа, бидејќи многу студенти во редакцијата .

Во периодот 1945-1990 година во печатените медиуми на кои како основачи се јавуваат општините, односно Околискиот или општинскиот одбор на работниот народ (подоцна Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Штип) биле вработени 20 новинари.

Со овој труд е создадена солидна основа за понатамошно истражување на феноменологијата на медиумите во Штип. Пред новите генерации новинари и истражувачи оставаме аманет да го продолжат трасираниот пат со што ќе дадат свој придонес за појавата и развојот на медиумите од еден друг аспект.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**

Андрески, Живко (1994), Новинарски жанрови-кон истражувачко новинарство, Феникс, Скопје;

**ИСТРАЖУВАЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРВЈУ**

Атанасов Стојче, главен и одговорен уредник на Штипски весник 1997-2003;

Бојаџиски Иван, в.д. главен и одговорен уредник на Штипски весник, Штипски глас и дописник во повеќе печатени медиуми во Македонија и поранешни југословенски републики;

Димитров Ангел, новинар во Штипски весник, ТВ Стар, Канал Плус;

Киров, Борис, Народен глас, Текст објавен на 25.04.1969 година бр. 3, стр. 1;

Марјанов, Симеон, новинар во Штипски весник;

Манев, Кирил, директор и главен и одговорен уредник на Радио Штип;

Накова, Нада, Штипски весник, дописник на Нова Македонија од Штип, Привредни преглед Београд, дописник на Борба-Београд и др.

Троицки Стојан, Директор на Центарот за информирање, култура на трудот и пропаганда на МК “Астибо” - Штип;

Царев Никола, директор на Штипски весник и Радио Штип;

Читкушев Зоран, уредник на подлистокот за млади ‘’Штипска десетка’’;

Шатевски Љупчо, главен и одговорен уредник на Штипски весник 1987-1991;

Штипски Весник, *ТВ ТЕКО престана да зрачи*, 20 ноември 2002, стр. 4.

Штипски Весник, бр. 200, 1 Мај, 1988

Штипски Весник бр. 170/171, 8-ми Ноември 1986, стр. 24;

Штипски Весник, 01.06.1990;

Штип и Штипско во Народноослободителната војна 1941-1945, Книга 1, Прилози од научниот собир одржан на 17, 18 и 19 мај, 1990, Матица македонска, Скопје, 2000, стр. 74-77;